РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА, КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
ул.Макарие Фрчковски бр.8 тел/факс 3163-812,3162-436,3109-401 п.ф.328

Бр.01-148/1
25.02.2025 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за реализација на годишната програма за работа на НУ конзерваторски центар Скопје за 2024 година







Скопје, 2025 година

Годишен Извештај за реализација на Проекти од национален интерес во културата за 2024 година кои се содржани во Нацрт Годишната Програма за работа на Националната Установа Конзерваторски центар - Скопје и се во согласно со Договорот за учество во финансирање на Годишната Програма за работа на НУ Конзерваторски центар Скопје за 2024 год.

Годишниот Извештај содржи податоци за реализација на Проекти кои се содржани во Нацрт Годишна Програма за 2024 год., финансирани од Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија, како и податоци за реализација на Проекти во институцијата кои не се опфатени во Нацрт Годишната програма за 2024 год..

## 1. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

### 1.1 УВИДИ ВО СОСТОЈБАТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА ВО СКОПЈЕ И СКОПСКИОТ РЕГИОН

### 1.2. ИЗРАБОТКА НА ЕЛАБОРАТ ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА И РЕВАЛОРИЗАЦИЈА

1.2.1 Изработка на Елаборат за ревалоризација на Споменичката целина Стара скопска чаршија

Одобрени средства од Министрество: 40 000 ден.
Реализирани: 40 000 ден.
Во Министерство за култура и туризам има детален финансиски и наративен извештај.

### 1.3 ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТИ

1.3.1 Изработка на проект за конзервација и реставрација на споменикот на култура - Комплекс ,,Партизански гробишта" во Бутел

Одобрени средства од Министерство: 65 000 ден.
Реализирани: 0 ден.

1.3.2 Изработка на конзерваторски проект за ѕидно сликарство на манастирската црква ,,Св. Ѓорѓи во село Кучково, Скопје.

Одобрени средства од Министерство за култура: 45 000 ден.
Реализирани: 0 ден.

### 1.4 ИЗРАБОТКА НА ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ

1.4.1 Изработка на Заштитно конзерваторски основи за културно наследство, за подрачјто на опфат на Просторен план скопски плански регион.

Одобрени средства од Министерство за култура 200 000 ден
Реалицзирани 200 000 ден.
Во Министерство за култура и туризам има детален финансиски и наративен извештај

## 1.4 РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНЗЕРВАТОРСКИ ПРОЕКТИ

1.4.1 Проект за непосредна заштита за конзерваторско-реставраторски работи на фрескоживописот во црквата ,,Св. Спас" во Скопје.

Одобрени средства од Министерство: 250 000 ден.
Реализација: 0 ден.

Реализацијата на проектот беше спорна поради исплатата на теренски додаток на учесниците согласно Колективниот договор за културата, со оглед на тоа што објектот се наоѓа во седиштето на установата. Беше доставен допис до соодветната Комисија за толкување на Колективниот договор, на кој не е добиен одговор.
Независно од тоа, беше утврдено дека има проект за интервенции на галеријата во црквата, кој треба да претходи на конзерваторско-реставраторските работи на живописот. Беше побарана пренамена на средствата за геотехнички истражувања потребни за изработка на Проект за конзервација и реставрација на споменикот на култура - Комплекс ,,Партизански гробишта" во Бутел. Пренамената е одобрена доцна кон крајот на годината, поради што истите немаше можност да бидат употребени.

1.4.2 Реализација на Основен проект за конзервација и реставрација на фасадата на објектот на улица "Наум Наумовски Борче" бр. 88 во Скопје.

Реализацијата на проектот е отпочната и треба да продолжи и во 2025 година. Извршени се повеќе предвидени работи заклучно со изработката на фасадната столарија во работилница.

Одобрени средства од Министерство: 2 500 000 ден.
Реализација: 962 014 ден.

Во Министерство за култура и туризам има детален финансиски и наративен извештај за делот што е реализиран во 2024 година.
Работите продолжуваат и во 2025 според истиот проект.

1.4.5 Реализација од Проектот за конзервација и реставрација на 40 икони и иконостасот од црквата Св. Спас, во Скопје четвртата фаза.

Во ова фаза конзервирани се следниве икони:

- Св. Ефтим Велики
- Благовештение
- Преображение Христово
- Воведение Богородично
- Сите свети
- Раѓање на Христа
- 12 Апостоли
- Обрезание Христово
- Сретение
- Крштевање Христово

Извршена е непосредна заштита на 10 празнични икони од горната зона на иконостасот во црквата Св. Спас, Скопје

Одобрени средства од министерство: 70 000 ден.
Реализирани: 00 ден.

Од страна на раководителот на проектот не е изготвен оперативен наративен и финансиски извештај поради тоа што не се добиени никакви средства, иако се барани во август 2024 година.

1.4.6 Реализација на Проект за санација и обезбедување на микроклиматски услови во конзерварорска лабараторија на НУ Конзерварорски центар Скопје.

Одобрени средства од министерство за култура: 450 000 ден.
Реализирани: 0 ден

Реализацијата на проектот беше закочена поради одредени проблеми со проектот и поради процедурите во Управата за заштита на културното наследство. Кон крајот на годината беше обезбедено Конзерваторско одобрение, но немаше доволно време за спроведување на постапка за јавна набавка.

1.4.3 Реализацијата на Основниот проект за конзерваторско реставраторски работи на Аквадуктот во Скопје трета фаза.

Од воведувањето во работа се извршени дел од подготвителните работи како што е формирање на градилиште контејнерскитип со канцелариски простор заизведувач и надзор, санитарен јазол,магацински простор, складирање на материјали, пристап до локација, оградување на просторот на делот каде ќе се интервенира, расчистување на теренот пред отпочнување со работа и поставување на информативна табла.

Одобрени средства од Министерство: 4 000 000 ден.
Реализирани: 582 394 ден.

Во Министерство за култура и туризам има детален финансиски и наративен извештај за делот што е реализиран во 2024 година.
Работите продолжуваат и во 2025 според истиот проект.

1.4.4 Реализација на прва фаза од Основен Проект за конзерваторско реставраторски интервенции на објектот ,,Шалтер Сала" од комплексот Пошта во Скопје.

Одобрени средства од Министерство за култура : 500 000 ден.
Реализирани: 0 ден

Поради недоставување на бараната документација од страна на АД "Пошта на северна Македонија" - Скопје, немаше услови да се комплетира проектот и да се достави на понатамошно постапување.

1.4.5 Реализација на проект за физичко обезбедување на установата со ангажирање на агенција за обезбедување.

Со објавување на јавна набака извршено е избор на агенција за обезбедување.

Одобрени средства од Министерство за култура : 1 400 000 ден.
Реализирани: 1 119 584 ден

Во Министерство за култура и туризам има детален финансиски и наративен извештај.

1.4.7 Реализација на пета фаза од Основен проект за конзервација и реставрација на ќуќата на - спомен дом на Лазар Личеновски во Скопје

Одобрени средства од Министерство за култура : 2 785 000 ден.
Реализирани: 0 ден

Реализацијата на проектот беше закочена поради одредени проблеми со проектот и поради процедурите во Управата за заштита на културното наследство. Кон крајот на годината беше обезбедено Конзерваторско одобрение, но немаше доволно време за спроведување на постапка за јавна набавка.

1.4.8 Проект за конзерваторско - реставраторски интервенции на покривот на зградата на булевар ,,Илинденска" бр. 80 (МСМ) Скопје.

Одобрени средства од Министерство за култура : 70 000 ден.
Реализирани: 0 ден

Изработката на проектот не беше возможна поради недостапност на кровната конструкција без фасадно скеле или слична опрема, за што немаше доволно финансиски средства.

1.4.9 Реализација на пета фаза од Основен проект за конзервација и реставрација на ќуќата на - спомен дом на Лазар Личеновски во Скопје.Фаза Архитектура и фаза Машинство

Одобрени средства од Министерство за култура : 6 000000 ден.
Реализирани: 0 ден.

Реализацијата на проектот беше закочена поради одредени проблеми со проектот и поради процедурите во Управата за заштита на културното наследство.

**2, ИНВЕСТИЦИСКО ОДРЖУВАЊЕ; ОСИГУРУВАЊЕ; АДАПТАЦИЈА И НАБАВКА НА ОПРЕМА**

1. Набавка на компјутерска опрема

Odobreni средства од Министерство за култура : 80 000 ден.
Реализирани: 0 ден

**ВОНПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ**

1. УВИД ВО СОСТОЈБАТА НА СПОМЕНИЦИТЕ

- Увид на објект - Градски трговски центар, Скопје,
  Изработен е Ивештај со предлог на мерки.
- Увид на културно добро на објектот на министерството за култура и туризам, ул Ѓуро Ѓаковиќ бр. 61, КП 9819 КО Центар 1 Скопје.
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.
- Увид на заштитено добро Скопска тврдина Кале ,Скопје.
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.
- Увид во состојбата на Заштитеното добро од особено значење - Мустафа Пашина Џамија во Скопје, улица "Прохор Пчински", КП 5788, КО Центар 1, Општина Чаир, Скопје.
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.
- Увид во подрачјето на опфат на Урбанистички проект во опфат на Урбанистички план за изградба на линиска инфраструктура-фекална канализација, КО Бардовци, Скопје
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.
- Увид на КП 671 КО Злокуќани, Општина Карпош, во границите на "Споменичката целина Антички град Скупи", Скопје.
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.
- Увид на КП 570/4 КО Инџиково, Општина Гази Баба, во границите на културното добро Археолошкиот локалитет "Тумба Маџари" во Скопје.
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.
- Увид во подрачјето на опфат на КП 3043/1 КО Глуво, Бразда, Општина Чучер Сандево, Скопје.
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.
- Увид во подрачјето на источниот и југоисточниот дел од Контактната зона на "Споменичката целина Антички град Скупи", Скопје
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.
- Увид на црквата Св. Ѓорѓи во село Бањане, Скопје.
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.

- Увид на црквата Св. Јован Крстител во село Булачани, Општина Гази Баба, Скопје.
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.
- Увид на подрачјето на опфат на археолошкиот локалитет Тумба Маџари и Неолитското село, Општина Гази Баба, Скопје
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.
- Увид во границите на Урбанистички проект во опфат на урбанистички план за изградби на комплекс од градби со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет до 10 MV на КП 801, дел од КП 794/1, дел од КП 928/1, КП 928/4, КП 928/3 и КП 928/2, КО Маркова Сушица, Општина Студеничани, Скопје.
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.
- Увид во границите на Урбанистички проект во пфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, на КП 3341, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, Скопје.
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.
- Увид во состојбата на дел од заштитеното добро од особено значење, Споменичка целина - Антички град "Скупи" во Скопје, КП 646/1, КО Злокуќани, Општина Карпош, Скопје.
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.
- Увиди во подрачјето на опфат за изменување и дополнување на Урбанистички план за вон населено место за спортско – рекреативен центар Пакошево, Општина Зелениково, Скопје.
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.
- Увид на направен земјен ископ во близина на Јахја Пашина џамија во Скопје и остатоците од амам во бина на Јахја Пашината џамија.
  Изработен е Извештај со предлог на мерки.

2. ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТИ
   - Основен проект за физичко и техничко обезбедување на културното добро Археолошки локалитет „Градиште", с.Таор, Општина Зелениково
   - Изработка на проект за систем за видео надзор

3. ВАЛОРИЗАЦИЈА И РЕВАЛОРИЗАЦИЈА
   - Анекс на Елаборатот за валоризација на Целината "Мал ринг 1"во Скопје.
   - Предлогот за донесување акт за прогласување на Споменичката целина "Мал Ринг 1" во Скопје за значајно културно наследство

4. ЗАШТИТНИ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

- Заштитни археолошки истражувања на КП 929/5, КП 929/3 и КП 938/1 КО Злокуќани, во Контактна зона на Споменичка целина "Антички град Скупи", Скопје.
- Заштитни археолошки истражувања на КП 949/1, КП 949/2, 950/1, 948/3, КП 940/5, КП 948/14, КП 948/4, КП 948/11, КП 948/7, КП 948/13 и КП 948/2 КО Злокуќани, во Контактната зона на Споменичката целина "Антички град Скупи", Скопје.
- Заштитни археолошки истражувања на КП 270/1, КП 270/7, КП 270/8, КП 305/2, КП 304/5, КП 268/2, КП 269/2, КП 270/9 КО Злокуќани, во Контактната зона на Споменичката целина "Антички град Скупи"
- Заштитни археолошки истражувања на КП 3450/2, КО Кучково, Општина ЃорчеПетров, Скопје.
- Заштитни археолошки истражувања на КП 992/3 и КП 992 дел 30 КО Злокуќани, во Контактната зона на Споменичката целина "Антички град Скупи", Скопје.

5. СТРУЧНИ МИЛЕЊА

- Стручно мислење за  бесправно изградениот објект на КП 5910, КО Центар 1, Општина Чаир, Скопје
- Стручно мислење за  бесправно изградениот објект од РЖ УСЛУГИ АД СКОПЈЕ, ул. "16-та Македонска бригада" бр. 18 Скопје за лински инфраструктурен објект: Нафтоводна мрежа – цевковод за мазут 2, во Комплекс Железара, КО Гази Баба,Општина Гази Баба, Скопје.
- Стручно мислење, по Информацијата за проектирање и изградба на операционен блок на ЈЗУ УК по хирушки болести "Св. Наум охридски",Скопје.
- Стручно мислење за  бесправно изградениот објект на КП 9260, КО Центар 1, Општина Чаир, Скопје.
- Стручно мислење, за поставување на рекламно информативно пано на објект на ул. "11 Октомври" бр.8, КО Центар 1, КП 12062, кое е дел од целината "Мал Ринг 1" воСкопје.
- Стручно мислење за бесправно изградениот објект на КП 9085/1, КП 9085/2, КП 9097/1 и КП 9097/2, КО Центар 1, Општина Чаир, Скопје.
- Стручно мислење, за градежната парцела ГП 6.1 во Заштитеното подрачје на Спомеников – Воена болница во Скопје.
- Стручно мислење, за комплексот на Мустафа Пашината Џамија во Скопје.
- Стручно мислење за  бесправно изградениот објект на КП 9253, КО Центар 1, Општина Чаир, Скопје.

- Стручно мислење за бесправно изградениот објект на КП 9392/1, КО Центар 1, Општина Чаир, Скопје.
- Стручно мислење за бесправно изградениот објект на КП 9493/3, КО Центар 1, Општина Центар, Скопје.
- Стручно мислење за бесправно изградениот објект на КП 5833, КО Центар 1, Општина Чаир, Скопје.
- Стручно мислење за бесправно изградениот објект на КП 2191/1, КО Гази Баба, Општина Гази Баба, Скопје.
- Стручно мислење за бесправно изградениот објект на КП 692, КО Злокуќани, Општина Карпош, Скопје.
- Стручно мислење за бесправно изградениот објект на КП 6402, КО Центар 1, Општина Чаир, Скопје.
- Стручно мислење за бесправно изградениот објект на КП 7665/1, КП 7665/2 и КП 7671, КО Центар 1, Општина Чаир, Скопје.
- Стручно мислење за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградби на комплекс од градби со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет до 10 MV на КП 801, дел од КП 794/1, дел од КП 928/1, КП 928/4, КП 928/3 и КП 928/2, КО Маркова Сушица, Општина Студеничани, Скопје.
- Стручно мислење за изработка на Урбанистички проект во опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, на КП 3341, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, Скопје.
- Стручно мислење за потребата од изработка на Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, за подрачјето на опфат на Изменување и дополнување на Урбанистички план за вон населено место за Спортско-рекреативен центар "Пакошево", Општина Зелениково Скопје.
- Стручно мислење за градежната парцела ГП 6.1 во Заштитеното подрачје на Споменикот - Воена болница во Скопје.
- Стручно мислење за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиска инфраструктура - фекална канализација, КО Бардовци, Општина Карпош.
- Стручно мислење за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Г2.7 - Производство на мебел од дрво, метал и пластика и пристапен пат на КП 3043/1, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.

6. АКТИ

- Предлог за донесување акт за прогласување на Споменикот – Капан ан во Скопје, во Споменичката целина – Стара скопска чаршија, за културно наследство од особено значење, поткатегорија – големо значење.
- Предлог за донесување акт за прогласување на Споменикот – Сули ан во Скопје, во Споменичката целина – Стара скопска чаршија, за културно наследство од особено значење, поткатегорија – големо значење.

7. КОНЗЕРВАТОРСКИ НАДЗОР

- Конзерваторски надзор на реализацијата на дел од Основниот проект за конзервација и реставрација на недвижното културно добро на ул."Наум Наумовски Борче "бр.88 КП 5391, Скопје.
- Конзерваторски надзор на непосредна заштита на ѕидното сликарство во црквата Св. Богородица, с. Лешок, Теарце
- Конзерваторски надзор на непосредна заштита на Проект за конзервација и реставрација на иконостасот од 19 век во регионот на Градско, икони од ц. Св. Спас, с. Ногаевци, о. Градско (втора фаза)
- Конзерваторски надзор на непосредна заштита на 10 дела од куќата на Лазар Личеноски (трета фаза), Скопје
- Конзерваторски надзор на „Проект за Конзервација на етнолошки материјал од спомен куќата на Лазар Личеновски", Скопје
- надзор при отстранување на дефект на вод В1.080.170 на ул. Свеќарска во Стара скопска чаршија

- Конзерваторски надзор при реализацијата на Основниот проект за конзервација, реставрација и реконструкција како и статичко зајакнување на објект северен конак во манастир Св. Никита КП бр.716 ,КО Горњени,о.Чучер Сандево, Скопје.

8. СТРУЧНИ КОМИСИИ

- Член во комисија за прием на Проект за конзервација и реставрација на Пештерна Маркова црква,во клисурата на р. Бабуна, Велес
- Член на Рецензиона комисија за избор и реизбор во изборни стручни звања во областа на заштитата на културното наследство при Министерството за култура и туризам.

- Сртучна контрола на Проект за конзервација и реставрација на Пештерна Маркова црква во клисурата на р. Бабуна, Велес (фаза-ѕидно сликарство од 14 век)“

9. УЧЕСТВО ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

- Учество во реализација на Проект за заштита на предмети од дрво од музејската збирка во Демир Капија.
- Учество во реализација на Проектот за конзервација и реставрација на фрескоживописот во црквата Св. Ѓорѓи во с. Старо Нагоричане

**ВД Директор,**

ЉиљанаКитановска